Ирена
42

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 25.01.2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/3 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), и член 25 став 2 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 , 6/12и 100/12), министерот за образование и наука утврди

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, декември 2012

# 1. Местото на предметот во наставниот план

## 1.1. Опис и природа на предметот

Секој вид на поширока интеграција во европските структури подразбира добро образовани кадри кои познаваат и говорат странски јазици. Пред нашето општество стои голема задача за постигнување на идеалот на Советот на Европа за многујазичност и познавање на повеќе култури, според кој како минимум се подразбира добро познавање на два странски јазика.
Во наставниот план за деветгодишното основно училиште странските јазици заземаат посебно место заради фактот што во рамките на општата светска глобализација се интензивира размената помеѓу припадниците на различни цивилизации во сите сегменти на општественото живеење (во економијата, политиката, културата, образованието, итн.), со што се наметнува потребата од многујазичност, што е една од главните цели на новата концепција. Од тие причини, изучувањето на првиот странски јазик започнува уште на шестгодишна возраст ( I одделение), а на 11-годишна возраст (VI одделение) почнува да се изучува вториот странски јазик.

**1.2. Назив на предметот: Германски јазик**

**1.3. Број на неделен, односно годишен фонд на часови: 2/72**

**1.4. Статус на предметот: задолжителен/ II странски јазик**